**РЕГУЛАТИВА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОМИСИЈАТА (ЕУ) 2021/666**

**од 22 април 2021 година**

**за изменување на Регулатива (ЕУ) бр. 923/2012 во врска со условите за летање со воздухоплов со екипаж во U-space воздушен простор**

**(Текст со важност за ЕЕО)**

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирањето на Европската унија,

имајќи ја предвид Регулативата (ЕУ) 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот од 4 јули 2018 година за заедничките правила во областа на цивилно воздухопловство и за основање на Агенцијата на Европската унија за безбедноста на воздухопловство, и за изменување на Регулативите (ЕЗ) бр. 2111/2005, (ЕЗ) бр. 1008/2008, (ЕУ) бр. 996/2010, (ЕУ) бр. 376/2014 и Директивите 2014/30/ЕУ и 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот, и за укинување на Регулативите (ЕЗ) бр. 552/2004 и (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и Регулативата (ЕЕЗ) бр. 3922/91 ([1]) на Советот, а особено членовите 31 и 44 од истата,

со оглед на тоа што:

(1) Со Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 923/2012 ([2]) на Комисијата се утврдуваат заеднички правила за летање и оперативните одредби во врска со услугите и постапките на воздухопловната навигација применливи за општиот воздушен сообраќај.

(2) Со цел да се дозволи воздухопловите со екипаж на кои не им се овозможени/ дадени услуги на контрола на летањето да летаат безбедно заедно со воздухоплови без екипаж во U-space воздушен простор, важно е позицијата на воздухопловот со екипаж да се соопшти/ искомуницира на давателите на U-space услуги. Ова треба да се постигне со тоа што воздухопловите со екипаж ќе се направат електронски видливи, што ефективно ќе ја сигнализира нивната присутност преку технологии за надзор.

(3) Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 923/2012 треба да ги вклучи таквите услови за летање со екипаж во U-space воздушен простор.

(4) Новите услови треба да ја зголемат безбедноста преку подобрување на ситуациската свест во U-space воздушниот простор.

(5) Со цел да се обезбеди соодветно спроведување на оваа Регулатива, на земјите членки и засегнатите страни треба да им се даде доволно време да ги усогласат своите постапки на новата регулаторна рамка.

(6) Агенцијата на Европската Унија за безбедноста во воздухопловство предложи мерки во Мислење бр. 01/2020 ([3]) согласно член 76(1) од Регулатива (ЕУ) 2018/1139.

(7) Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 923/2012 треба соодветно да се измени.

(8) Мерките предвидени во оваа Регулатива се во согласност со мислењето на Комисијата пропишани согласно член 127 на Регулатива (ЕУ) 2018/1139,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА РЕГУЛАТИВА:

*Член 1*

Регулатива (ЕУ) бр. 923/2012 се изменува со следниов текст:

(1) следниве точки (146) и (147) се додадени во член 2:

([1]) Сл. весник L 212, 22.8.2018 година, стр. 1.

(2) Регулатива за спроведување (ЕУ) бр. 923/2012 на Комисијата од 26 септември 2012 година со која се утврдуваат заеднички правила за летање и оперативните одредби во врска со услугите и постапките на воздухопловната навигација и за изменување на Регулатива за спроведување (ЕУ) бр. 1035/2011 и Регулативите (ЕЗ) бр. 1265/2007, (ЕЗ) бр. 1794/2006, (ЕЗ) бр. 730/2006, (ЕЗ) бр. 1033/2006 и (ЕУ) бр. 255/2010 (Сл. весник L 281, 13.10.2012 година, стр. 1).

(3) https://www.easa.europa.eu/document-library/opinions

‘(146) “U-space воздушен простор” означува UAS географска зона дезигнирана/ определена од земјите членки, каде UAS операции се дозволени само со поддршка на U-space услуги;

(147) “U-space услуга” означува услуга која зависи од дигитални услуги и автоматизација на функции креирани да поддржуваат сигурен, ефикасен и безбеден пристап до U-space воздушен простор за голем број на UAS.’;

(2) точка SERA.6005 во Оддел 6 на Анексот се заменува со следново:

‘**SERA.6005 Услови за комуникација, SSR транспондер и електронска видливост во U-space воздушен простор**

(а) Област на задолжително користење на радио опрема (RMZ)

(1) Летовите по VFR кои се вршат во делови од воздушниот простор во класа E, F или G и летовите по IFR кои се вршат во делови од воздушниот простор во класа F или G кои надлежниот орган ги определил како области на задолжително користење на радио опрема (RMZ) одржуваат постојана говорна комуникација воздух-земја и, по потреба, воспоставуваат двонасочна комуникација на соодветниот комуникациски канал, освен ако се придржуваат кон алтернативни одредби кои ANSP ги пропишува за тој определен воздушен простор.

(2) Пред да влезат на област на задолжително користење на радио опрема, пилотите, на соодветниот комуникациски канал, го упатуваат иницијалниот повик, кој ја содржи дезигнацијата на станицата која се повикува, знакот на повикување, типот на воздухоплов, позицијата, нивото, целта на летот, како и други податоци кои ги пропишал надлежниот орган.

(б) Област на задолжително користење на транспондер (TMZ)

Сите летови кои се вршат во воздушниот простор кој надлежниот орган го определил како област на задолжително користење на транспондер (TMZ) носат и користат SSR транспондер кој може да работи на режим A и C или на режим S, освен ако се придржуваат кон алтернативни одредби кои ANSP ги пропишува за тој определен воздушен простор.

(в) U-space воздушен простор

Летањето со воздухоплови со екипаж во воздушен простор определен од надлежниот орган како U-space воздушен простор, и без услуги на контрола на летање од ANSP, постојано ќе се електронски видливи на давателите на услуги на U-space.

(г) Воздушните простори, кои се определени како област на задолжително користење на радио опрема, област на задолжително користење на транспондер или U-space воздушен простор се објавуваат во Зборникот на воздухопловни информации.’.

*Член 2*

**Влегување во сила**

Оваа Регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден од денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија.*

Се применува од 26 јануари 2023 година.

Оваа Регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји членки.

Брисел, 22 април 2021 година.

*За Комисијата*

*Претседател*

Урсула ФОН ДЕР ЛАЈЕН